# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.129 од 31.07.2015 година**

**Член 1**

Во Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на Република Македонија" бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14 и 124/15) во членот 3 во ставот (1) по зборовите "заштитен крајбрежен појас на вештачки езера и речни корита," се додаваат зборовите "бесправните објекти со намена домување во станбени куќи согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање кои се изградени во заштитен крајбрежен појас на природни езера,".

**Член 2**

Во членот 6 во ставот (10) по зборовите "заштитен крајбрежен појас на вештачки езера и речни корита," се додаваат зборовите "како и бесправен објект со намена домување во станбени куќи согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање кој е изграден во заштитен крајбрежен појас на природни езера,".

**Член 3**

Во членот 12 во ставот (2) по зборовите " сообраќајна инфраструктура " се става запирка и се додаваат зборовите "за бесправните објекти со намена домување во станбени куќи согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање кои се изградени во заштитен крајбрежен појас на природни езера,"

**Член 4**

Во членот 18 по ставот (8) се додава нов став (9)кој гласи:

"(9) Ставот (1) на овој член не се применува во случаите кога бесправниот објект кој е изграден во заштитен крајбрежен појас на природни езера е со намена домување во станбени куќи согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање."

**Член 5**

Во членот 21 во ставот (1) по зборовите "заштитен крајбрежен појас на вештачки езера и речни корита," се додаваат зборовите "бесправните објекти со намена домување во станбени куќи согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање кои се изградени во заштитен крајбрежен појас на природни езера,".

Ставот (8) се менува и гласи:

"Решението за утврдување на правен статус на бесправните објекти од значење за Републиката, бесправните објекти од локално значење, бесправните објекти на здравствени установи за примарна, секундарна и терцијална здравствена заштита, линиските инфраструктурни објекти и електронските комуникациски мрежи и средства, кое е правосилно и извршно, надлежниот орган од став (2) на овој член, по службена должност го доставува до Агенцијата за катастар за недвижности, во електронска форма."

**Член 6**

За предметите за кои до денот на отпочнување со примена на овој закон е донесено решение за одбивање на барањето за утврдување на правен статус на бесправен објект изграден на земјиште на кое согласно важечката урбанистичко-планска документација е предвидена изградба на сообраќајна инфраструктура

поради донесена одлука на Советот на општината односно Советот на општината во градот Скопје или Советот на Градот Скопје со која е утврдено дека нема да се донесе урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши промена на трасата на сообраќајната инфраструктура или инфраструктурата нема да се предвиди, како и решение за одбивање на барањето за утврдување на правен статус на бесправен објект со намена домување во станбени куќи согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање кој е изграден во заштитен крајбрежен појас на природни езера поради доставување на негативно мислење од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање согласно член 18 став (1) од Законот за постапување за бесправно изградени објекти ("Службен весник на Република Македонија" бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14 и 124/15), надлежниот орган кој го донел решението е должен по службена должност да го поништи решението за одбивање на барањето за утврдување на правен статус и да ја продолжи постапката за утврдување на правен статус на предметниот објект согласно одредбите на овој закон, доколку објектот за кој е донесено решение за одбивање на барањето за утврдување на правен статус не е отстранет до денот на отпочнување со примена на овој закон.

**Член 7**

Одредбата од членот 23 став (1) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на Република Македонија" бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14 и 124/15) не се применува за бесправните објекти изградени на земјиште на кое согласно важечката урбанистичко-планска документација е предвидена изградба на сообраќајна инфраструктура за кои при утврдувањето на правниот статус не е донесена одлука од страна на Советот на општината односно Советот на општината во Градот Скопје и Советот на Градот Скопје со која е утврдено дека ќе се изврши промена на трасата на собраќајната инфраструктура или инфраструктурата нема да се предвиди, за бесправните објекти кои се изградени во заштитен крајбрежен појас на вештачки езера и речни корита и за бесправните објекти со намена домување во станбени куќи согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање кои се изградени во заштитен крајбрежен појас на природни езера.

**Член 8**

Започнатите постапки за утврдување на правен статус на бесправен објект ќе продолжат согласно одредбите од овој закон.

**Член 9**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за постапување со бесправно изградени објекти.

**Член 10**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 август 2015 година.